ГЕВГЕЛИЈА

# ГЕВГЕЛИСКИ МАГАЗИН

Септември, 2024 - Број 105



# 2. ФЕСТИВАЛ „ВКУСИ ГО ЈУГОТ“ во Гевгелија

## СОДРЖИНА


Стр. 3
**Тема**



Стр. 4-7
**Актуелно**



Стр. 8-9
**Taste The South**



Стр. 10-12
**Интервју:**
**Александар Аврамов**



Стр. 13-19
**Хроника**



Стр. 20-22
**Култура**



Стр. 23-26
**Млади**



Стр. 27-29
**Спорт**



Стр. 30-31
**Мозаик**




# ТУРИСТИЧКА ПРОМОЦИЈА

Во екот на летната туристичка сезона, градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, заедно со волонтерите при Клубот на млади на ОО Црвен крст- Гевгелија делеа промотивен материјал за туристичката понуда во општина Гевгелија.

На граничниот премин „Богородица“, на транзитните туристи им беа поделени флаери и промо-материјали изработени во рамки на платформата за туризам Gevgelija – spice up the journey. Оваа акција Општина Гевгелија ја спроведува во соработка со ОО Црвен крст- Гевгелија со цел странските, но и домашните туристи да се запознаат со туристичките погодности и понуда на општината и можностите за подолг престој.



# ДОЛГО, ТОПЛО, ИНФРАСТРУКТУРНО ЛЕТО ВО ГЕВГЕЛИЈА




Гевгелија, летово, наликуваше на вистинска "врела" тепсија. Синоптичарите потврдија - изминатово лето биле измерени досега највисоки температури. Ако се има предвид дека во Гевгелија тие секогаш се повисоки за неколку степени, тогаш навистина слободно може да се каже дека имавме „изгор" лето. Воопшто нема дилеми дека ова лето ќе остане запаметено како најтопло и најдолго, бидејќи горештините фатија уште во јуни и не попуштаа сè до крајот на август.

Изминаво лето, покрај топлотниот бран, барем во Гевгелија и општината, ќе остане запаметено и по бројните инфраструктурни активности, што значително придонесоа за подобрување на условите за живот на граѓаните. Списокот на реализираните или започнатите инфраструктурни зафати е подолг, станува збор за проекти во скоро сите сфери на живеење, од коишто некои и капитални. Гевгелија доби нова сообраќајна врска со автопатот Е-75 и граничниот премин „Богородица". Финиширањето на новата сообраќајница со кружен тек кај Милци значително ќе го подобри сообраќајното вклучување и исклучување на градот со автопатната делница. Она што вреди да се забележи е дека по завршувањето на тендерската постапка и изборот на најповолен оператор, ќе финишираат и работите на улицата „Св. Климент Охридски", односно продолжувањето на Западниот булевар. Еден од најгорливите сообраќајни проблеми на Гевгелија.

Проширувањето и подобрувањето на комуналната инфраструктура е континуирано, а летово беа реализирани неколку зафати и подобрени комуналните услуги на граѓаните. Во станбената населба кај поранешната Касарна, изградена е нова канализациона мрежа, а на улицата „Ѓорѓи Стамков" нова атмосферска канализација. По долги години и барања на граѓаните кои живеат на улицата „Ѓоко Тутушев" во Гевгелија, изградена е нова атмосферска канализација, а наскоро претстои целосно асфалтирање. Почетокот на реализацијата на два капитални проекти значително ќе ја подобрат инфраструктурната слика на Гевгелија, особено, кога станува збор за заштитата на животната средина и условите за спорт и рекреација.

Почна реконструкцијата на спортската сала ДТВ „Партизан" во центарот на градот, позната како Сокалана и споменик на културата, каде биле одиграни првите театарски претстави и најзначајните општествени настани во Гевгелија. Исто така, почна и изградбата на спортско-рекреативниот парк „Топлик", со што на гевгеличани им се обезбедува нов простор за одмор и рекреација. Познатата месност крај Гевгелија ќе биде уредена во простран парк со комплетна урбана опрема, но и паметни клупи со инсталиран систем за искористување на сончевата енергија и со можност за полнење на електронските уреди.

Новите инвестициони зафати не ги заобиколија и населените места: Миравци доби нов пазар, Моин доби нов Дом на културата, а Давидово најсовремено мултифункционално игралиште. Покрај Давидово, изградени и уредени се уште шест детски игралишта во населените места, како и четири во Гевгелија. Кога станува збор за спортската инфраструктура, значајно е да се забележи најавата од Министерството за спорт за изградба на атлетска патека во Спортско-рекреативниот центар „Касарна". Ако се има предвид дека основниот проект за изградба на нов фудбалски стадион е веќе готов, тогаш непобитен е фактот дека овој спортско-рекреативен центар ќе биде целосно заокружен.

Сите училишта подготвено ја започнаа учебната година, а летово го искористија за подобрување на условите за настава и престој, но и поголема енергетска ефикасност. Во ООУ „Владо Кантарџиев" поставена е фотоволтаична централа, а наскоро ваква централа ќе биде поставена и на покривот во Детската градинка „Детска радост". Тоа, несомнено, ја потврдува определбата на Општина Гевгелија за обновливи извори на енергија, којашто започна да се ефектуира.

Полека се ефектуираат и заложбите за проширена и поквалитетна туристичка понуда на општина Гевгелија преку изготвената платформа Gevgelija – spice up the journey. Летово, градот беше преплавен од гости, главно, Срби, Романци, Чеси, кои на пропатување за Грција пренокуваа во Гевгелија. Бројот на приватните легла за издавање двојно се зголеми, а гевгелиските улици, супермаркети, кафеани, врвеја од гости. Ефектите ќе бидат поголеми доколку нивниот престој се продолжи со нова и разновидна понуда. Каков што е и Фестивалот „Вкуси го југот", што полека станува гевгелиски бренд и привлечен туристичко-забавен и гастрономски настан.

**Премиерот Христијан Мицковски на одбележувањето на два значајни настани во Гевгелија**

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ ВО ИНТЕРЕС НА ГРАЃАНИТЕ



Гевгелија, изминатово лето, доби ново сообраќајно поврзување со Коридорот 10, а започна и реконструкцијата на еден од најстарите јавни гевгелиски објекти - спортската сала ДТВ „Партизан". Станува збор за капитални проекти, кои значително ќе ги подобрат не само сообраќајните туку и спортско-рекреативните услови во овој град. Изградбата на патот од Гевгелија до граничниот премин „Богородица" чини 19 милиони денари, коишто средства се обезбедени од Буџетот на Општина Гевгелија. Додека пак, реконструкцијата на спортската сала ДТВ „Партизан" во мултифункционален објект за многу спортови ќе чини 16 милиони денари, од коишто 7 милиони од Буџетот на Општината, а остатокот од Министерството за локална самоуправа, поточно, од Бирото за локален економски развој.

Предавањето во употреба на патниот правец кон Милци и започнувањето на реконструкцијата на ДТВ „Партизан" свечено беа одбележани, со присуство на бројни гости, меѓу кои премиерот на Република Македонија, Христијан Мицковски; министерот за локална самоуправа Златко Перински; пратеничката во Македонското собрание, Ангелина Петкова и градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов.

- Целта на оваа Влада - истакна пред новинарите, премиерот Мицковски - е да работи за граѓаните, во случајот за гевгеличани. Покрај овие објекти, наскоро очекувам да почне и реализацијата проектот за којшто цело време зборуваме, а тоа е реалоцирање на средствата од централниот буџет кон општините. Со специјална намена за реализација на капитални проекти, што значително ќе ги подобрат условите за живот во општините. Така, за овие последни 4 месеци од годината, Општина Гевгелија ќе добие соодветен буџет, за чијашто намена веќе разговаравме со Градоначалникот, што ќе биде приоритет и каде тие пари ќе бидат искористени. Мислам дека гевгеличани ќе бидат едно пријатно изненадени.

- По поставувањето на хоризонтална и вертикална сигнализација, патниот правец кај Милци ги исполни условите за пуштање во употреба. Реализацијата на оваа делница, во должина од 850 м. со кружен тек, се реализираше во две фази, со средства од Буџетот на Општина Гевгелија во износ од 18.917.780 денари. Гевгеличани покрај тоа што добиваат нова сообраќајна врска со граничниот премин „Богородица", истовремено, со реализацијата на овој патен правец се зголемува и можноста за нови потенцијални инвестиции во месноста – Милци, истакна градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов.



Што се однесува пак до спортската сала ДТВ „Партизан", градоначалникот Сарамандов го истакна своето задоволство што овој репрезентативен објект, кој што е белег на градот, ја дочека својата реконструкција, како ветена активност за реализација пред граѓаните во овој градоначалнички мандат. Притоа, Сарамандов потсети дека освен овие два капитални проекта на подрачјето на општина Гевгелија, во тек се изведбените работи на новиот пазар во Мираўци, поставувањето на атмосферска канализација на улица Ѓоко Тутушев" во Гевгелија и дел на подземна инфраструктура, како и пробивањето на улиците, изградба на нова водоводна линија, атмосферска и фекална канализација во Урбан блок 4.4 во Гевгелија, каде живеат над 2.500 граѓани.

**Нови инвестициони зафати**

# МИРАВЦИ ДОБИ НОВ ПАЗАР

Миравци, согласно барањата на граѓаните, за само три месеци доби нов пазар. Во центарот на населеното место уреден е простор за понуда и купување на земјоделски, прехранбени и секакви други производи што можат да се најдат на зелените пазари. Станува збор за проект на Општина Гевгелија, вреден 4 милиони денари, коишто се обезбедени од општинскиот буџет, со цел на граѓаните на Миравци да им се овозможи поквалитетно снабдување. На предавањето во употреба на новиот пазар во Миравци присуствуваше и заменик-претседателот на Владата на РМ и министер за транспорт и врски, Александар Николовски заедно со градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, како и бројни други гости.



- Заеднички можеме да констатираме дека Миравци за рекордно време доби нов пазар, кој верувам ќе му помогне и ќе го опслужува целиот регион. Министерството за транспорт дава силна поддршка на Општина Гевгелија. Оваа година од средства од земот на Светската банка одобривме 10 милиони денари, кои се реализирани за селото Мрзенци, а пред неколку дена беа одобрени 30 милиони денари за изградба на продолжувањето на Западен булевар – сообраќајницата „Климент Охридски". Само да потсетам, со асфалтирањето и завршувањето на оваа сообраќајница Гевгелија добива значајна сообраќајна заобиколница, но практично се отвора и цел нов дел во градот, за развој. А, тоа беше заложба на Градоналачникот уште од првиот ден со преземањето на мандатот- истакна министерот Николовски, потсетувајќи и на средствата што ги определи Владата во висина од 100 милиони евра, наменети за општините за оваа година, од кои дел ќе бидат наменети и за реализација на проекти во Општина Гевгелија. Тој, исто така, најави дека во соработка со ЈП за државни патишта ќе се реконструира автопатската делница од Гевгелија до ГП „Богородица" и од Гевгелија до Неготино. Додека, во делот на општина Богданци се работи на изградба на обиколница во општината.



Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, истакна дека потребата од изградбата на нов пазар беше утврдена како приоритетена од жителите на Миравци пред Локалните избори, поради што беше предвиден за реализација во изборната програма. Изрази задоволство што по само неколку месеци од почнувањето на градежните работи ветувањето стана реалност, а покрај новиот пазар, по барање на граѓаните, просторот е партерно уреден и ограден. Во оваа прилика тој, исто така, изрази задоволството за создадените услови за завршување на Проектот за продолжување на Западниот булевар во Гевгелија. Имено, по обезбедените финансиски средства и избор на најповолен економски оператор, ќе започнат завршните градежни активности. Сарамандов истакна дека овој проект е од големо значење за гевгеличани, бидејќи се решава децениски проблем во градот со преоптовареноста на сообраќајот.

# УСВОЕН КВАРТАЛНИОТ ИЗВЕШТАЈ

Советот на Општина Гевгелија, на својата 46. седница, го усвои Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија, за периодот 01.01. – 30.06. 2024 година. Од вкупно проектираниот Буџет на Општина Гевгелија за 2024 година, во висина од 603.912.887 денари, реализирани се вкупно приходи во висина од 297.923.180 денари или 49,33%, од кои 13.357.190 денари капитални приходи, а 284.565.990 денари оперативни приходи. Од планираните приходи во Основниот буџет во висина од 298.398.248, во првите шест месеци од годината реализирани се 44,54% или 132.916.368 денари. Додека, вкупните расходи во Кварталниот извештај учествуваат со средства во висина од 287.941.998 денари, од кои 35.835.451 денар или 12,45% се капитални расходи. Во структурата на реализираните расходи на Основниот буџет, во висина од 132.916.368 денари, капиталните расходи учествуваат со средства во висина од 29.682.169 денари или 22,33%.



# ВЛОЖУВАЊА ВО СПОРТСКАТА ИНФРАСТРУКТУРА

**Давидово доби ново мултуфункционално игралиште, а во Гевгелија ќе се гради нова атлетска патека**

Населеното место Давидово доби ново мултифункционално спортско игралиште, кои ќе им овозможи на жителите да се занимаваат со различни спортови и активности, како што се кошарка, фудбал, одбојка и друго. Свечен и значаен настан на којшто присуствуваа голем број жители на Давидово, а нивни гости беа и министерот за спорт, Борко Ристовски и градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов. Заеднички го проследија свеченото предавање во употреба на новото мултифункционално спортско игралиште, при што градоначалникот Сарамандов истакна дека реконструкцијата на спортското игралиште во Давидово е дел од посветеноста да се унапреди спортскиот живот и да се создадат здрави услови за рекреација и дружење. Игралиштето е дел од Проектот на Општина Гевгелија за реконструкција на 10 отворени спортски игралишта со тартан подлога и вештачка трева. Шест од овие игралишта се наоѓаат во Гевгелија, а четири во населените места.





Министерот Ристовски и градоначалникот Сарамандов посетија посетија повеќе локации во Гевгелија, каде изминатиот период беа преземени активности за подобрување на спортската инфраструктура и обезбедување подобри услови за правилен развој на младите. Исто така, двајцата извршија увид на локацијата на спортскиот центар „Касарна“, каде што Министерството за спорт планирана изградба на нова атлетска патека во Гевгелија. Оваа иницијатива произлегува од барањето на група спортски работници, членови на АК „7 Ноември“ за изградба на ваква атлетска патека.

- Проектот за изградба на атлетската патека е дел од напорите на новоформираното Министерство за спорт за подобрување на спортската инфраструктура и се очекува да почне наскоро. Со овој проект, Гевгелија ќе добие модерна атлетска патека, која ќе биде клучна за развој на атлетските активности во градот и во околината- истакна министерот Борко Ристовски.

Ваквата иницијатива беше поздравена од страна на градоначалникот Андон Сарамандов, бидејќи, како што рече, Гевгелија за многу кратко време стана атлетски центар, на којшто една ваква атлетска патека навистина му недостига. Истовремено, најави дека во спортско-рекреативниот центар „Касарна“ предвидена е и изградба на нов фудбалски стадион. За таа цел, веќе е изработен основен проект за фудбалскиот стадион.

# ИЗГРАДБА НА СПОРТСКО-РЕКРЕАТИВЕН ПАРК „ТОПЛИК“

Советот на Општина Гевгелија, на својата 43. седница, донесе Одлука од Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година да бидат издвоени 2.077.142 денари за кофинансирање на инвестициски проект „Изградба на спортско-рекреативен парк Топлик“. Овој проект со вкупна вредност од 5.221.230 денари е дел од Програмата „Зајакнување на општинските советифаза 2“ на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), којашто ја финансираат Швајцарската влада и Министерството за локална самоуправа, а ја кофинансира и спроведува УНДП, во соработка со национални и локални партнери.





Проектните активности, чија реализација е во тек, опфаќаат поставување урбана опрема за одмор и рекреација на граѓаните во месноста „Топлик“, поставување: летниковци, перголи, клупи и масички за седење, патокази, држачи за велосипеди, канделабри за осветлување и канти за отпадоци. Исто така, на „Топлик“ ќе бидат поставени и паметни клупи со инсталиран систем за искористување на сончевата енергија, со можност за полнење на електронските уреди. Додека пак, на местата каде што има водени површини, ќе бидат поставени мовчиња, кои ќе послужат за премостување со прескокнување.

# ШТЕТИ ОД НЕВРЕМЕТО НА 42 ХА



Дождот и градот што на 12 март 2024 година ги зафати населените места Гевгелија, Мрзенци, Негорци, Милетково и Богородица предизвика штети на 42,2 ха со различни земјоделски култури. Вкупната штета на ниво на општина Гевгелија изнесува 29.035.339 денари, според Елаборатот за проценка на штетите што го усвои Советот на Општина Гевгелија на својата 43. седница. Штети од мартовското невреме поднеле 55 физички и правни лица, од кои 49 индивидуални земјоделци и 6 компании. Оштетувањата се движат од 20 до 100%, а најголеми штети се предизвикани на лозовите насади. Советот на Општина Гевгелија, по усвојувањето на Елаборатот, заклучи истиот да се достави до Републичката комисија за процена и утврдување на штети од елементарни непогоди и до Владата на РСМ.

## ВЕРИФИЦИРАНИ НОВИТЕ СОВЕТНИЧКИ МАНДАТИ





Советот на Општина Гевгелија, на својата 43. седница, го верифицираше мандатот на Николчо Петров од листата на „Левица" за нов член на Општинскиот совет, по констатираниот престанок на мандатот на неговиот претходник Сашко Јанчев поради добиениот пратенички мандат во Собранието. Ивана Чабулева, од кандидатската листа на ВМРО-ДПМНЕ, е новиот член на Советот на Општина Гевгелија, чиј мандат Советот на Општина Гевгелија го верифицираше на 46. седница, по констатираниот престанок на мандат на претходниот член на Советот на Општина Гевгелиија, Слаџана Стаменковска

## ПРОТОКОЛ



Амбасадорот на Јапонија во Македонија, Н.Е. Оцука Казуја, при посетата на Гевгелија оствари работна средба со градоначалникот на Општина Гевгелија, Андон Сарамандов. Притоа, градоначалникот Сарамандов на јапонскиот амбасадор му изрази благодарност за досегашната поддршка и помош од страна на јапонскиот народ за општина Гевгелија. Сарамандов изрази уверување дека заедничката соработка, воспоставена 1999 година, е мошне важна и ќе продолжи, затоа што го зајакнува пријателството помеѓу двата народа.

По средбата, Сарамандов и Казуја присуствуваа на Изложбата „Јапонскиот лебдечки свет UKIYO-E", којашто беше поставена во Галеријата „Амам" во Гевгелија, по повод одбележување на 30-годишнината од воспоставувањето дипломатски односи помеѓу Јапонија и Македонија. Изложбата е во рамки на Проектот за соработка помеѓу Амбасадата на Јапонија во Македонија, Здружението за архитектура, дизајн и култура „Архифакт"- Скопје, Музеј на град Скопје и неформалната мрежа на музеите „Музеум Линк", а во Гевгелија ја спроведе НУ Музеј- Гевгелија. Изложбата беше збогатена со ликовна работилница, на којашто учествуваа ученици од СОУ „Јосиф Јосифовски"- Гевгелија, под менторство на ликовниот педагог, Розета Картова.



Амбасадорот на Австрија, Н.Е. Мартин Памер, во рамки на посетата на Општина Гевгелија оствари средба со Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, на која стана збор за соработката на Општина Гевгелија со Австриската амбасада. Сарамандов му се заблагодари на австрискиот амбасадор за посетата и можноста за унапредување на соработката. Притоа, го информираше амбасадорот Памер за активностите и развојот на Општина Гевгелија. На средбата се разговараше и за можноста за реализација на заеднички проекти од повеќе области на подрачјето на општина Гевгелија.

**Празник на гевгелиската гастрономија, музика и забава**

# ВТОР ФЕСТИВАЛ “TASTE THE SOUTH GEVGELIJA - ВКУСИ ГО ЈУГОТ“

Во одлична атмосфера и со голем број посетители и гости, мина 2. по ред Фестивал “Taste the south Gevgelija – Вкуси го југот“, кој стана нов гевгелиски бренд. Три дена (13, 14 и 15 септември 2024 година), на паркингот и платото на Градскиот пазар, голем број гости од Гевгелија, регионот, но и пошироко, ги почувствуваа вкусовите на југот. Пред сѐ, традиционалната гастрономска понуда, и тоа, подготвување на гевгелиски ајвар, печење ракија и варење слатко од смокви. Исто така, и да проследат и да уживаат во богата културно-уметничка програма. „Вкуси го југот“ е единствениот фестивал и воопшто настан во земјава, на којшто настапуваат исклучиво македонски музички звезди. И годинава, локалната самоуправа заедно со „Крафт Продукција“ ги „собраа“ на едно место најпознатите локални и македонски уметници и изведувачи. За вкусовите се погрижија гевгелиските угостители и винарии, коишто на гостите им понудија вкусна храна и пијалоци.






Фестивалот започна со подготвување ајвар или пинџур, како што го нарекуваат во Гевгелија, со печење црвени пиперки, и патлиџани и подготвување на пинџурот пред гостите. Сето тоа проследено со фолклорниот концерт на КУД „Танец“ од Миравци. Фестивалската атмосферата со поп и рок нумери ја подигнаа триото „Хитс“ од Гевгелија, во состав на Моки, Крџе и Марија. На големо задоволство на присутните, тука беа и Дац и Александар, со нивната изведба на романтични песни и евергрини. Вистинско доживување на Фестивалот беше настапот на рок-групата „Зијан“, која со нивниот репертоар и хитови ги вратија гевгеличани во едно убаво време.



На првиот ден од Фестивалот, присуствуваше и министерот за локална самоуправа, Златко Перински, кој заедно со градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, беа пречекани традиционално, со слатко од смокви и вода. Сарамандов уште на првиот ден го изрази своето задоволство од организацијата и големата посетеност на Фестивалот, упатувајќи благодарност до сите учесници за добрата забава којашто им ја приредија на сите посетители.

Предизвикувајќи емотивни сеќавања кај повозразната генерација, но и кај помладата популација. На крај од првата фестивалска вечер, настапи групата „Фиц енд д инвизиблс“ со изведба на поп-рок хитовите на „Студени нозе“.

Вториот ден, започна со печењето ракија, бидејќи сега е време кога гевгеличани ја печат ракијата. Ваквата гевгелиска традиција беше проследена со концерт на КУД „Браќа Толеви“ од Прдејци. Групата „Гевгелиски мелос“ продолжи во ист стил - со изведба на ора и чочеци, вжештувајќи ја забавата. А, таа продолжи во уште „поврела“ атмосфера за која се погрижи доајенот на македонската фолк-музика - Наум Петрески. Викторија Лоба го започна забавниот дел со своите популарни рефрени, а втората фестивалска вечер, во свој стил, ја заврши






добриот познаник на гевгеличани - Ристо Самарџиев и пријателите.

Последниот ден на Фестивалот се одржа традиционалната гевгелиска „Смоквијада", во организација на ЗГ „ТеРа"од Гевгелија. Додека слаткото од смокви се вареше и се ширеше опојниот мирис, членовите на Школа Зафирова, Билјана Дуева и Слободанка Арнаудова.

Последната фестивалска вечер ја збогатија фолклорниот Ансамбл „Бојмија" од Гевгелија и концертот на Мартин Костадинов од Гевгелија со неговиот бенд. Пајак и Лара го привлекоа вниманието на младите,



лата за тапани, под менторство на Момчило Делев, го одржаа својот концерт. Најмладите учесници на Интернационалниот детски музички фестивал „Калинка 2024" беа дел од „Вкуси го југот", чиј настап го проследија голем број деца со нивните родители. Концертот на Танцовото студио „Мистик" од Гевгелија со урбани кореографии на хип-хоп музика ги плени помладите гости. Исто така, и вокалистките на Музичкиот фестивал „Евро Порта-Фест" од Гевгелија: Анастасија Зафирова, Ања Поп-Костова, Анге-

кои со задоволство пееја во ист глас со трап - изведувачот и младата поп и Р&Б пејачка. Вистинска круна на Фестивалот беше настапот на Влатко Стефановски трио, кое со неговато мајсторство на гитара, едноставно, ги воодушеви присутните. Тридневниот фестивал „Вкуси го југот" заврши со музичкиот настап на рок и панк-групата „Паркети". Во сите три дена, помеѓу настапите на музичките гости, познатата гевгелиска урбана легенда, Дејан Малзарков, ги насмеваше присутните со своето урнебесно stand-up шоу „Диверзија".



## ПОЗИТИВНИ МОМЕНТИ, ЕМОЦИИ И ЗАБАВА БЕА ДЕЛ ОД ВТОРОТО ИЗДАНИЕ НА TASTE THE SOUTH GEVGELIJA - ВКУСИ ГО ЈУГОТ!

„Со одржувањето на Фестивалот Taste the south - Вкуси го југот, Гевгелија уште еднаш докажа дека е добар домаќин и носител на урбаниот живот во Македонија. Трите фестивалски дена поминаа во одлична атмосфера, со многу забава и дружење, гевгеличани и сите гости од страна уживаа во настапите на повеќе артисти од македонската музичка сцена. Минатата година, градот за првпат го организираше Фестивалот. Нашата цел е да прерасне во традиција и препознатлива гевгелиска културна манифестација.
За промоција на градот, настанот годинава беше збогатен со вкусна домашна храна, пијалоци и специјалитети од градот, како и други содржини кои се препознатливи во нашето поднебје. Ни претставува чест што гевгеличани, а и сите посетители од страна имаа можност за дегустација на вкусниот гевгелиски ајвар, познатото слатко од смокви, неизмерно вкусното јагнешко печење, како и специфичниот вкус на гевгелискaта домашна ракија" - истакна градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов. Пред одржувањето на првиот фестивалски ден, во својот кабинет ги прими членовите на легендарната гевгелиска и македонска група „Зијан" и им посака успешен настап.

Фестивалот "Taste the south Gevgelija" или „Вкуси го југот" дефинитивно стана препознатлив бренд, кој привлекува големо внимание, не само кај гевгелискaта туку и кај публиката од целиот регион и соседството. Веќе се дефинира како привлечен туристичко-забавен и гастрономски настан, со бројни карактеристики на гевгелиското поднебје. Гевгелија доби свој фестивал, на задоволство на голем број гевгеличани, но и на сите бројни гости, кои пред крајот на летото престојуваат во овој Гевгелија. Со Фестивалот се ефектуираат и заложбите на Општина Гевгелија за проширена и поквалитетна туристичка понуда преку изготвената платформа Gevgelija – spice up the journey.

**Александар Аврамов, директор на ЈОУ Пионерски дом**

# ПОГОЛЕМО АНИМИРАЊЕ НА МЛАДИТЕ



***- Претстои реновирање на Големата сала на Пионерскиот дом, како и освежување на постоечките, но и создавање на нови содржини***

***Од неодамна, сте именуван за директор на ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито“- Гевгелија. Што значи за вас функцијата којашто ќе ја извршувате во наредниот период?***

- Пионерски дом е местото, каде што за мене започна сѐ. Првиот час, првиот танц, првата песна, првата изведба. Да се биде директор на Пионерски дом, значи да се биде во функција на младите, да им се обезбеди средина, којашто ќе им овозможи бројни искуства за да им помогнат во процесот на нивно себеспознавање и спознавање на околината.

***Кои се вашите планови за работењето на Установата и нејзиниот придонес за збогатување на активностите и привлекување на вниманието на најмладите?***

- Плановите за работа и развој на Пионерски дом коишто ги поставив, генерално се поделени на инфраструктурни и програмски. Во подготовка е Проект за реновирање и опремување на Големата сала, со што Гевгелија би добила уште еден простор од ваков тип, со којшто Општина Гевгелија аплицира преку Советот на ЈИПР. Овој зафат е неопходен ако се има предвид функцијата и значењето на Пионерскиот дом, особено во периодите на интензивни настани и случувања. Во поглед на програмскиот дел, планираме освежување на постоечките настани, подобрување на квалитетот при нивна реализација, но и создавање нови тематски настани и содржини. Пред сѐ, поголемо анимирање на младите и обезбедување на услови и форми за нивна едукација.

***За успешноста на Пионерскиот дом значајна е соработката со другите институции, што очекувате на тој план?***



- Соработката со општинските институции е од посебно значење и неминовна, особено, кога станува збор за соработката со Општина Гевгелија, којашто, всушност, е и наш основач. Програмски, најблиска соработка имаме со Дом на културата, со којашто институција за култура се надополнуваме. Особено ја сметам за важна соработката со општинските училишта и се надевам дека во иднина ќе имаме уште подобра соработка. Потребно е и поврзување со центри и домови за деца и млади од останатите општини заради заеднички проекти и размена на искуства. Една од заложбите е и соработка со ваков вид на организации надвор од државата.

***Колку вашето досегашно искуство ќе влијае на работата на Пионерскиот дом?***

- Токму тоа е одоговорот зошто се пријавив на огласот за функцијата директор. Моето искуство и целиот пат што го изодев, ми влеваат верба дека можам да ја продолжам досегашната мисија на едно повисоко ниво, во институција во којашто се сублимирани повеќе активности од полето на културата. Искуствата од работата со младите од танцовата група „Мистик“ значително ќе ми помогнат, иако одговорноста е поголема.

**„ Особено ја сметам за важна соработката со општинските училишта и се надевам дека во иднина ќе имаме уште подобра соработка. Потребно е и поврзување со центри и домови за деца и млади од останатите општини заради заеднички проекти и размена на искуства**

***Кои културни настани можеме да ги очекуваме во наредниот период во организација на Пионерскиот дом?***

- Во следниот период, покрај тековните активности, планирано е одбележување на „Недела на детето“, на почетокот на месец октомври, во соработка со Дом на културата „Македонија“ во Гевгелија. Потоа, во ноември следува традиционалната манифестација „Фолклорен ѓердан“, а планирани се и други настани поврзани со одбележувањето на 7



Ноември. На крајот од годината, е омилениот детски настан, традиционалната новогодишна манифестација „Дочек на Дедо Мраз“. Но, предвидени се и многу други активности и манифестиции што ќе анимираат што поголем број млади луѓе.

***Пионерските домови порано беа, всушност, Младински центри, сметате ли дека нашиот Пионерски дом треба да биде посетен од повеќе млади луѓе, како и со што ќе го привлечете нивното внимание, имајќи ги предвид вашите досегашни искуства од работата со младите?***

- Пионерскиот дом со години бил место каде се собирале многу млади луѓе. Во моментот, капацитетите се исполнети, но сме отворени за нови идеи и иницијативи, особено, кога доаѓаат токму од младите. Со подобрување на инфраструктурата и надополнување на програмскиот кадар, очекуваме вклучување на уште повеќе млади во активностите кои ги овозможува Пионерскиот дом. За да се привлечат младите, секогаш треба да се следат нивните интереси за да се задржи нивниот фокус. Секако, тука се родителите, наставниците, но и ние како ментори, заеднички да бидеме филтер за содржините кои треба да бидат прилагодени на возраста на децата.

***Со долгогодишно искуство на домашната и меѓународната урбана танцова сцена - како раководител на Танцовото студио „Мистик“, што мислите дека ѝ недостасува на општина Гевгелија на културен план?***

- Повеќе локална продукција. Талентот е присутен, основни услови имаме. Малку повеќе верба во себе, и поблиска и поискрена соработка на сите чинители и успехот е неминовен.



> **„ Со подобрување на инфраструктурата и надополнување на програмскиот кадар, очекуваме вклучување на уште повеќе млади во активностите пто ги овозможува Пионерскиот дом. За да се привлечат младите, секогаш треба да се следат нивните интереси за да се задржи нивниот фокус**

***Што би им порачале на младите ?***

- Можности има сè повеќе. Светот во моментов е најповрзан. Најголемиот дел од информациите се бесплатни. Секој може да го прави тоа што го сака. Можеби, тоа нема да биде во идеалната форма, барем, не на почеток, но во себе носиме многу повеќе потенцијал отколку што си мислиме. Да му дозволиме на умот да мечтае и да се осмелиме да посегнуваме по повисоки цели!

***Која е вашата „идеологија“ за културата, за уметноста, за животот?***

- Човекот е креативно и физичко битие. Бавењето со уметност и спорт не треба да заврши после основното училиште. Во животот не треба да бидеме само публика. Со креативно делување и физичка активност, можеме да постигнеме хармонија на телото и духот.



**Започна новата учебна година**

# ОБЕЗБЕДЕН УЧИЛИШТЕН ПРИБОР ЗА СИТЕ ПРВАЧИЊА

Училишното ѕвонче го означи почетокот на новата учебна 2024/2025 година. Со организирани приредби, повозрасните ученици, одделенските наставници и директорите им посакаа добредојде на новите 230 првачиња во општина Гевгелија. На дочекот на првачињата во сите основни училишта, присуствуваше и градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, посакувајќи им среќна и успешна учебна година, исполнета со многу насмевки, лесно усвоени знаења и другарување. Традиционално, локалната самоуправа обезбеди ранец и училиштен прибор за секое првоодделенче.

- На овој начин, даваме придонес и им помагаме на родителите, а истовремено ја зголемуваме радоста на првачињата и правиме да се чувствуваат среќно, истакна градоначалникот Сарамандов. Притоа, им посака успешна учебна година и на сите останати ученици, како и на професорите, искажувајќи им почит за нивниот континуиран придонес во изучувањето и воспитувањето на следните генерации. Истовремено, изрази благодарност до донаторот за вклучувањето на Општина Гевгелија во нивната иницијатива. Имено, сите првачињата во општина Гевгелија добија и пакетчиња со училиштен прибор од Халк Банка АД Скопје, како и едукативен материјал за поттикнување на финансиската писменост уште од мали нозе - „Букварот на Халки".

Инаку, во учебната 2024/2025 година, во Општина Гевгелија 230 дечиња го започнаа своето основно образование, од кои 119 се момчиња, а 111 девојчиња. Според



евиденцијата на Одделението за образование при Општина Гевгелија, во ООУ „Крсте Мисирков" и „Владо Кантарџиев"- Гевгелија се запишани по 94 ученика, во „Ристо Шуклев "во Негорци – 29, а наставата во прво одделение, во ООУ „Климент Охридски"- Миравци, ја следат 13 ученика. Со годинашниот конкурс за упис на првачиња беа опфатени дечињата родени во текот на 2018 година, како и дечињата родени во текот на јануари 2019 година. Значајно е да се одбележи дека во Општина Гевгелија последните три години бројот на првачиња се зголемува, за разлика од Република Македонија, каде што се намалува. Така, во учебната 2022/2023 година имало 224 запишани првачиња, во минатата 2023/2024 година 228, а годинава беа запишани 230 првачиња.

---

**Донација**

# ФОТОНАПОНСКА ЦЕНТРАЛА ВО ГРАДИНКАТА „ДЕТСКА РАДОСТ"

До крајот на 2024 година, компанијата „Окта" ќе инсталира фотонапонска централа во градинката „Детска радост" во Гевгелија, со што значително ќе се подобри енергетската ефикасност на овој јавен објект. Вакви фотонапонски централи ќе бидат инсталирани и во спортскиот центар „Марко Божиновски" во општина Аеродром во Скопје и во основното училиште „Св. Кирил и Методиј" во општина Велес. Со реализација на овие донаторски проекти, ОКТА ќе обезбеди фотоволтаични капацитети со вкупна моќност од околу 90 kW, кои значајно ќе ја задоволат вкупната годишна потрошувачка на електричната енергија на објектите.

- Со донациите на фотонапонските централи ја потврдуваме нашата заложба за поголема застапеност на обновливите извори на енергија и забрзување на енергетската транзиција, којашто води до поголема



енергетска независност. За нас е исклучително важно што наши партнери се јавни институции, каде што најголем дел од времето поминуваат деца и младинци- изјави Димитриос Пасхос, главен извршен директор во ОКТА.

**Во основните училишта во општината**

# ПОДОБРЕНИ УСЛОВИ ЗА НАСТАВА И ПРЕСТОЈ

Пред новата 2024/2025 година, значително се подобрени условите за реализација на воспитно-образовниот процес во сите основни училишта на подрачјето на Општина Гевгелија, било со сопствени средства или донации. Во ООУ „Владо Кантарџиев“ во Гевгелија, поставена е фотоволтаична централа со 72 панели (Longi) со вкупна моќност од 42 kw и Инвертери (Sungrow) со моќност од 36 kw. Фотоволтаичната централа, донација од гевгелиската фирма „Елмотерм“, на годишно ниво ќе произведува 50.000 kwh што ќе ги задоволува во целост потребите на Училиштето. Во ова училиште, адаптирана е училница за учениците од прво одделение, како и просторот под скалите, наменет за складирање книги. Донатор е Елена Мелкова Стојчев, а изведбените активности се извршени од страна на градежната компанија „Нов дом“ од Гевгелија. Во ООУ „Владо Кантарџиев“, во тек е изградбата на инклузивно спортско – сензорно игралиште, во рамките на Проектот: „Единство во движење“, којшто се реализира преку Програмата за развој на заедницата, поддржана од УСАИД, а имплентирана од Мрежата за рурален развој на Северна Македонија, кофинансиран од Училиштето и локални партнери.



Во ООУ „Крсте Мисирков“ во Гевгелија, со сопствени средства се реновирани санитарните јазли, со замена на дотраените инсталации за водовод и канализација, на целата санитарна опрема, поставени се нови керамички плочки на подовите и ѕидовите, како и нови врати во тоалетите. На приземјето во Училиштето, е изграден нов тоалет за ученици со попреченост, со што се обезбедени услови за инклузија. За поголема безбедност и заштита на децата, со заштитна мрежа е оградено спорткото игралиште во дворот на Училиштето. Во ООУ „Ристо Шуклев“ во Негорци е отворена новата целосно опремена училишната кујна, а во подрачните училишта, во дворовите за одржување на урбаното зелено е инсталиран систем за подземно наводнување со распрскувачи и поставени се чешми за пиење вода. Со сопствени средства и со донација од Советот на родители при Училиштето, како и повеќе општествено-одговорни фирми од Гевгелија, набавени се повеќе паметни табли, клима уреди, систем за филтрирање вода и диспанзер за вода во централното и подрачното училиште во Прдејци. Условите за реализација на наставата се подобрени со донираните компјутери од „Г- стор“ од Гевгелија.

Нова соблекувална за учениците по балет и поголем простор за одржување концерти се реализираните зафати во ООМУ „Васо Карајанов“, пред новата учебна година. Исто така, се планира и набавка на ново пијано, коешто значително ќе ги подобри условите за реализација на музичката наобразба на учениците по пијано.

# НОВА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ГРАДОТ

Во тек се градежните активности за изградба на фекална канализациона мрежа во населбата кај Старата касарна во Гевгелија, УБ 5.2 и 5.3, откако кон крајот на минатата година беше инсталиран нов водоснабдителен систем. Според градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, со овој зафат целосно се решава комуналната инфраструктура во двата урбани блока, кои веќе се густо населени, со што граѓаните кои живеат во населбата кај Старата касарна, добиваат нормални услови за живот.

- Со претходно направена анализа од страна на локалната самоуправа, изработени се основни проекти за решавање на потребната инфраструктура со цел нормално функционирање на граѓаните во новите урбани блокови во Гевгелија. Така, на улицата „Ѓорги Стамков“ во Гевгелија, во близина на ООУ „Владо Кантарџиев“, е изграден дополнителен крак на атмосферска канализација што е поврзан на постоечката линија од атмосферската канализација на улицата „Коле Неделковски“. Со изведбата на овој градежен зафат, како што истакна градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, се очекува да се подобри канализирањето на атмосферски води при обилните врнежи од дожд - проблем со кој долги години се соочуваа жителите во овој дел на градот.



# МОИН ДОБИ НОВ ДОМ НА КУЛТУРАТА

Жителите на населеното место Моин, по повеќе години, добија нов Дом на културата. Поранешниот и руиниран објект на Младинскиот дом „Иван Костадинов“ е целосно реконструиран и опремен. Токму и затоа жителите на ова населено место не го криеја задоволството при предавањето на Домот на културата во употреба што го проследија со пригодна културно-уметничката програма, во која учествуваа Ансамблот „Бојмија“ и ученици од ООУ „Крсте Мисирков“.





– Чест ми е што покрај населените места Прдејци и Богородица, и населеното место Моин добива прекрасно место за дружење и организирање на културни и разни други општествени настани. По извршената реконструкција, Домот беше внатрешно уреден и обезбеден со сите услови за нормално функционирање. Обновувањето на ваквите објекти има огромно значење во зачувување и промовирање на културата на македонскиот народ. Потребите и барањата на граѓаните за мене се предизвик да работиме и продолжиме со реализација на бројни проекти на целото подрачје на општина Гевгелија, истакна градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, при предавањето во употреба на објектот во Моин.



Вкупната вредност за реконструкцијата на Домот на културата во Моин, Проект со којшто Општина Гевгелија аплицираше преку Центарот за развој на ЈИПР до Бирото за регионален развој, изнесува 13.551.139 денари. Од вкупно потребните средства за изведување на градежни работи, електрична енергија и уредување на санитарни јазли, покрај одобрениот грант, 2.138.378 денари се сопствено учество на Општина Гевгелија. Дополнително, од Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година беа издвоени 2.327.904 денари со пресметан ДДВ за внатрешното опремување на Домот.








**Пожарите сериозна летна закана**

# ЗА ТРИ МЕСЕЦИ ЛОКАЛИЗИРАНИ 60 ПОЖАРИ

Изминатово лето беше долго, топло и врело, бидејќи секојдневно на подрачјето на општина Гевгелија имаше по некој пожар. Некои од пожарите брзо беа локализирани, но некои беа долготрајни и застрашувачки. Затоа, и единицата на ТППЕ- Гевгелија беше постојано присутна на терен и во вонредна состојба. Благодарејќи на ваквата мобилност и навремените интервенции, секако, и поддршката од воздух, најголемиот број пожари беа навреме изгаснати или ставени под контрола.

Од почетокот на годината, па сè до 8 септември 2024 година, односно за 8 месеца, во општина Гевгелија биле регистрирани 114 пожари. Најмногу пожари - 76 се случиле на отворен простор, при што огнената стихија зафатила површина од 435 хектари. Досега, биле локализирани 9 шумски пожари, 6 на стрништа, 2 пожари зафатиле површини со жито, едно лозје, додека другите 46 пожари се појавиле на други отворени површини. Загрижувачки е што дури 12 пожари избувнале на дивите депонии, коишто претставуваат најголеми жаришта за пожар, особено, во услови кога температурите се многу високи, што беше случај летово. Од вкупниот број пожари, 9 биле во затворен простор, 10 на сообраќајни средства, поточно, 4 на товарни и 6 на патнички возила.

Летово, пожарите на подрачјето на општина Гевгелија не стивнуваа, буквално се појавуваа скоро секој ден. Во месец јуни, ТППЕ- Гевгелија имала 18 интервенции, од кои 12 на отворено, 5 шумски и 1 техничка. Во јули, избувнале дури 29 пожари, а тоа значи дека просечно



пожар имало скоро секој ден, и тоа 19 на отворено, 3 биле шумски, 5 технички, 1 на сообраќајно средство и 1 на останато. Во август месец, бројот на пожарите и интервенциите е преполовен - на 13, од кои 5 на отворено, 2 шумски, 3 сообраќајни средства, 1 техничка и 2 на објекти. ТППЕ- Гевгелија во текот на осумте месеци од годината интервенирала за гаснење на вкупно 164 пожари, од кои 35 во Богданци и 13 во Дојран, на чии подрачја дејствува ТППЕ- Гевгелија.

# РЕАЛИЗИРАНИ БРОЈНИ АКТИВНОСТИ НА ГРАЃАНСКИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА

Во рамки на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан (ReLOaD 2), финансирана од ЕУ, имплементирана од УНДП, а со кофинансирање на локалната самоуправа, во Општина Гевгелија се реализираа четири проекти на граѓански организации од општина Гевгелија. ЗГ „Од станица до граница" преку Проектот: „Јас = медиум" работеше со ученици и образовниот кадар од училиштата во Гевгелија на темата: „Медиумска писменост". Проектот: „Еднакви права за сите" на Здружението на граѓани „Поддршка" го обработуваше родово-базираното, семејното насилство и дискриминацијата преку едукативни и интерактивни работилници, ликовен и литературен конкурс, како и театарска претстава „Сите сме еднакви".

Преку Проектот: „Доживување на втора младост во трета доба", Фондацијата „Аполонија" организираше отворени денови и повеќе работилници за правата од социјалната и здравствената заштита на старите лица, за што беше изработена посебна брошура, за менталното здравје, здравата исхрана, физичкото здравје и дигитална писменост. Додека, СВАМ од Гевгелија преку Проектот: „Акција за здрави млади" работеше со младите и нивните




родители, со цел да се подобри патолошката состојба и здравје на учениците од основното образование и иницирање повеќе активности од институциите за подобрување на здравјето на учениците.

# НОВИ ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА

Шест населени места во општина Гевгелија добија нови детски игралишта. Со обезбедената урбана опрема за деца и поставувањето модерна и безбедна подлога, изградени се нови детски игралишта во Ново Конско, Мрзенци и Кованец. Претходно, со акцијата за изградба на нови детски игралишта беа опфатени и населените места Богордица, Негорци и Прдејци.

- Обезбедувањето подобри услови за нашите деца се еден од мотивите за кои се бориме и работиме. Изминатиот период, заврши изградбата на последните три од вкупно шест детски игралишта во населените места. Истите се изградени по сите стандарди со висококвалитетна мека подлога, нови реквизити, урбана опрема, како и целосно уредување на просторот. Новите детски катчиња ќе придонесат најмладите квалитетно да го поминуваат слободното време со многу нови содржини- истакна градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов.

Спортската инфраструктура целосно е обновена и на игралиштата во ООУ „Крсте Мисирков" и ООУ „Владо Кантарџиев" во Гевгелија и ООУ „Ристо Шуклев" во Негорци. Исто така, целосно ревитализиран е спортскиот комплекс „Касарна" во Гевгелија. На терените е поставена модерна подлога, а обновени се и спортските реквизити, со што на децата и младите им се обезбедени најсовремени услови за спортување.




**Фото вест:**

## Субвенции за велосипеди

Општина Гевгелија и годинава обезбеди субвенции за набавка на велосипеди. На Јавниот конкурс за субвенции аплицираа 100 граѓани, на кои ќе им бидат доделени по 5.000 денари за набавка на велосипеди. За таа цел, во Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година се предвидени 500.000 денари за субвенционирање на велосипеди. Субвенции за набавка на велосипеди досега им беа исплатени на вкупно 200 граѓани.




# РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА УРБАНАТА ОПРЕМА

Акцијата на Општина Гевгелија за поставување урбана опрема на зелените паркови и јавните површини продолжува. На влезот од Гевгелија, стариот и дотраен летниковец е заменет со нов. Изминатиот период, вакви летниковци, како и корпи за отпадоци и клупи беа поставени на повеќе јавни површини во Гевгелија и во населените места, на зелените површини крај станбените комплекси и спортските игралишта.

Долж каналот „Рауљ" е обновена постоечката ограда, за што е извршено репарирање и фарбање. Оваа активност е дел од тековната акција на Општина Гевгелија за обновување на урбаната опрема на локациите на влезот во Гевгелија, каде што минува каналот и булеварот „Гевгелија".



# Општина Гевгелија пријателски расположена кон младите

Општина Гевгелија е една од петте општини во земјата, којашто е квалификувана како пријателски настроена кон младите. Според Анализата на социјална вклученост на младите на локално ниво за 2023 година, Општина Гевгелија се позиционира на високото петто место. Имено, Општина Гевгелија, заедно со Општините: Охрид, Гостивар, Крива Паланка и Струмица, од вкупно 80 општини, коишто беа предмет на истражување, се во групата со „одлична" социјална вклученост на младите на локално ниво, врз основа на исполнување на одредбите од Законот за младинско учество и младински политики.

Исто така, врз основа на анализата и индикаторите, Локалниот младински совет на Општина Гевгелија е квалификуван како функционален заедно со уште 4 Локални младински совети во Тетарце, Зелениково, Гостивар и Лозово. Покрај Општина Гевгелија, само уште 33 Општини во земјата имаат конституирано Локални младински совети. Оваа анализа е во рамките на Проектот: „Заедници инклузивни за млади", финансиран од ЕУ и спроведуван од Националниот младински совет на Македонија, во партнерство со Фондација за развој на локалната заедница Штип, Сфера интернешнал - Битола и Платформа за младинско јакнење ЈЕП- Гостивар.




## ИДЕЈНОТО РЕШЕНИЕ НА ПАРАКЛИСОТ НА ЈАВЕН УВИД

По спроведувањето на Јавниот конкурс за изработка на идеен проект за подигање на спомен-обележјето „Параклис посветен на Св. Архангел Михаил" во Гевгелија, Одборот за подигање на спомен-обележјето ја разгледа единствената апликација под шифра „170253". Притоа, констатира дека проектната документација ги исполнува условите од Конкурсот. Согласно Законот за меморијалните споменици и спомен-обележја, Општина Гевгелија го објави на увид идејното решение на Параклисот „Св. Архангел Михаил", којшто ќе биде подигнат во новиот урбан парк во Гевгелија.



# ЛИКОВНА ИЗЛОЖБА „ПЛАНИНАТА ПРЕДИЗВИК, АВАНТУРА"

Во Угостителската сала на СОУ „Јосиф Јосифовски"- Гевгелија, беше поставена Ликовната изложба „Планината предизвик, авантура" во организација на ЗПСК „Кожуф"- Гевгелија. На изложбата беа презентирани 193 цртежа од учениците од основните и средните училишта во Гевгелија и Богданци, инспирирани од Кожуф планина. Најдобрите три цртежа беа наградени од страна на ЗПСК „Кожуф" во Гевгелија.

- Ми беше чест да бидам бидам дел од изложбата организирана од ЗПСК „Кожуф" во соработка со основните и средните училишта од нашиот град, чија цел беше преку цртежи да ја пренесат нашата прекрасна и богата природа.. Браво за младите таленти од Гевгелија, кои со преголем ентузијазам и 193 цртежи, учествуваа на повикот за избор на најдобар цртеж. Тоа ќе го зголеми интересот на младите за приклучување во акциите за планинарење, истакна градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, по посетата на изложбата.



# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА МЕЃУ НАЈТРАНСПАРЕНТНИТЕ

Општина Гевгелија и годинава го задржа високиот индекс на транспарентност, наоѓајќи се меѓу институциите на државно и локално ниво со многу добра, активна транспаретност. Во Извештајот од анализата за 2024 година, Општина Гевгелија е оценета со 91,4% активна транспарентност, и е рангирана на 15. место од вкупно 98 оценети институции. Додека пак, е на високото 2. место, заедно со Општина Богданци, меѓу локалните самоуправи од Југоисточниот Регион.

Ваквата високооценета транспарентност недвосмислено потврдува дека Општина Гевгелија продолжува со транспарентното работење. Пред сè, за проактивно објавување на информации од јавен карактер на својата официјална интернет-страница, но и на сите други форми за целосна отвореност кон граѓаните. Истражувањето за Индексот на активна транспарентност 2024 се спроведува во рамките на Проектот: „Мониторинг на јавните набавки“ и го имплементира Центарот за граѓански комуникации, а е финансиски поддржан од Фондацијата „Отворено општество – Македонија“.

*Активна транспарентност на општините од Југоисточниот Регион*

| Ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|
| 1 | Валандово | 100,0 % |
| 2 | Богданци | 91,4 % |
| 2 | Гевгелија | 91,4 % |
| 4 | Радовиш | 90,0 % |
| 5 | Струмица | 88,9 % |
| 6 | Василево | 87,0 % |
| 7 | Конче | 85,5 % |
| 8 | Ново Село | 84,1 % |
| 9 | Босилово | 81,2 % |
| 10 | Дојран | 51,4 % |

# ОБЈАВЕН КОНКУРСОТ ЗА СЕДМОНОЕМВРИСКАТА НАГРАДА

Општина Гевгелија го објави Конкурсот за доделување на Општинската награда „Седми ноември“, која се доделува на секои 5 години. Највисокото општинско признание се доделува на физички и правни лица како знак на признание на Општина Гевгелија за остварувања во: стопанството, науката, публицистиката, уметноста, културата, воспитанието и образованието, здравствената заштита, социјалната заштита, спортот и физичката култура, техничката култура, заштитата и унапредувањето на животната средина и природата, како и во други сегменти на животот, трудот, творештвото, што претставува посебен придонес за развојот на општината и за нејзиниот севкупен напредок и афирмација во државата и надвор од неа.

Наградата за значајни остварувања во областите наведени погоре се доделува на физички и правни лица-државјани на Република Северна Македонија, жители на општина Гевгелија, односно со седиште во општина Гевгелија доколку се работи за правни субјекти. По исклучок, заради посебен придонес кон напредокот и афирмацијата на општина Гевгелија, се доделува и на физички и правни лица надвор од општината. Наградата се доделува за остварувања во изминатиот период помеѓу две јубилејни одбележувања на општинскиот празник, како и за подолг изминат период (за животно дело) кој претставува заокружена творечка или континуирана работна целина.

Конкурсот трае заклучно со 12.10.2024 година. Формулар за конкурирање за Наградата „Седми ноември“ на Општина Гевгелија може да се подигне во Општината или на веб-страницата на Општина Гевгелија (www.gevgelija.gov.mk). Предлозите се поднесуваат по пошта или во Архивата во Општината, во два примерока, до Комисијата за утврдување предлози за доделување на Општинската награда „Седми ноември“, ул. „Димитар Влахов“ бр. 4, Гевгелија.

# СИТЕ УФ СЕРМЕНИН“

Спортско-рекреативната манифестација „Сите уф Серменин 2024“, во организација на ЗГ „Гевгелија Точак Клуб“, по втор пат, привлече голем број учесници и гости. Во велосипедските тури низ Серменин учествуваа над 150 велосипедисти од цела Македонија. За сите беше обезбеден ручек, а настанот беше збогатен со турнири во шах и табла, играње карти, џамлии и пинг-понг. Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, кој присуствуваше на манифестацијата, изрази задоволство од одличната организација на настанот, којшто овозможи дружење и забава.



Гевгелиско културно лето 2024

# КУЛТУРНО ОСВЕЖУВАЊЕ ЗА СИТЕ ВОЗРАСТИ И ВКУСОВИ

Изминатите три месеци, во Гевгелија, се реализираа бројни културни активности- книжевни манифестации, музички концерти, ликовни изложби, фолклорни вечери, проекции на филмови и театарски претстави, кои донесоа вистионско летно освежување. Организаторите - Домот на културата во Гевгелија, Библиотеката „Гоце Делчев" и Пионерскиот дом, на гевгеличани и бројните гости им понудија најразновидни културени содржини. „Гевгелиското културно лето 2024" стартуваше со Концертот на мандолинскиот оркестар „Полифонија Стрингс", кое настапи со аранжмани на познати вокални и инструментални обработки. Интересна беше и проекцијата на мултимедијалниот Триптих на Емил Солевски-алегорија за губење на идентитетот, во рамки на Проектот „Генеза на хроничната мистерија".

Музичкиот и танцов перформанс на „Дива", збогатен со светлечки ефекти и интересна костимографија, направи присутните да се почувствуваат чудесно. Членовите, под менторство на Марија Граматикова, преку приказната за девојката Утопија, низ игра и музика ги одведоа присутните во земјата на соништата. Најмладите со своите родители ја проследија детската престава „Разгалениот принц", во изведба на уметниците од Театар „Хит". Јулската програма беше затворена со Концертот на бендот „Квинтето", кој на гевгеличани им понуди вечер со авторски дела - прекрасна етно-џез, cross over и со примеси на класична музика.

Првиот августовски настан беше промоцијата на книгата „Трибун, Хронистерик, Номад" од Александар Прокопиев, што ја промовираше Влатко Галевски, кој зборуваше за секоја од трите творечки категории, отворајќи различни интерпретативни порти за нивните материјални, интелектуални и духовни аспекти, по




што следеше интересна дискусија за македонската литература. Гоблени и плетива ги красеа ѕидовите на Уметничката галерија „Амам" на изложбата „Гоблениза-ција". Бројни посетители имаа можност да го видат изложениот бел вез-милеа, како и перформансот на Светлана Стојковиќ, која облечена во женска градска облека плетеше пред очите на присутните. Додекат пред Амамот посетителите уживаат во прекрасниот вокал на Серафина Ѓорбашлиева и звуците на музичкиот состав „Чалгија". И арт-перформансите на Теодора Ставрова и Марија Џинова беа дел од августовскиот репертоар на настани, а беше прикажана и видео-инсталацијата на Ице Капсаров „Поглед во празнината", надополнета со ди-џеј сет на Душко Апостолов.

Вистинска свежина во културниот живот на гевгеличани донесе Триото „Џентлмен", кое во рамки на „Гевгелиско културно лето 2024", настапи со 16 македонски и италијански поп, оперски и народни нумери. Фантастичните гласови на Јане Дунимагловски, Дејан Стоев и Кристијан Антовски беа наградени со бурни аплаузи, а концертот на Триото „Џентлмен" беше вистински „шлаг" на изминатово гевгелиско топло и навистина културно лето.

# „ГЕВГЕЛИСУВАЈНЕ" НА СТЕФЧО СТЕФАНОВ

Стефчо Стефанов, вистинско книжевно освежување на овие простори, но и пошироко, пред своите гевгеличани ја промовираше шестата книга „Гевгелисувајне". Промоцијата се оддржа во рамките на Гевгелиското културно лето 2024, во организација на Библиотека „Гоце Делчев", на платото пред Народниот театар. Публиката присуствуваше на една несекојдневна авто-промоција, која е својствена и препознатлива за авторот Стефчо Стефанов. Особено, што на промоцијата друштво му правеше уште еден урбан гевгелиски лик, Дејан Малзарков, кој овој пат беше задолжен за „лаф маабет провокаторот" Џоче.

Книгата „Гевгелисувајне" содржи околу стотина кратки раскази, односно препораки како да се доживее Гевгелија. Присутните можеа да дознаат што означува глаголот Гевгелисувајне и она што е уште поважно, и во исто време почудно, дека „пустоат многу Гивгилии". Ова е шеста по ред објавена книга на Стефчо Стефанов,



гевгелискиот Марко Цепенков, како што еднаш го нарече Јован Костов, асистент по информатичка лингвистика на Универзитетот Сорбона, во Париз, а по повод излегувањето на „Гевгелексикон". Ова џебна книга излезе пред 10 години, во издание на Арт Еквилибриум, и предизвика голем интерес во целата земја, а најдобра потврда за тоа е фактот дека е најпродаваната книга до денес од роднокрајното издаваштво на Гевгелија.

**Меѓународна ликовна колонија „Аполонија 2024“**

# ДВЕДЕЦЕНИСКО УСПЕШНО ЛИКОВНО ТВОРЕШТВО

Меѓународната ликовна колонија „Аполонија 2024“ со своето 20. издание го одбележа јубилејот, достоен за почит. Овој, пат на оваа веќе афирмирана Ликовна колонија, и надвор од границите на нашата земја, учествуваа 11 ликовни уметници од; Македонија, Грција, Србија и Турција. Десеттина дена, уметниците: Ниче Василев, Гоце Божурски, Драги Хаџи-Николов, Мирјана Крстева- Массетти, Бојан Савиќ, Ѓорѓе Станиќ, Иван Гроздановски, Ифигенија Васдари, Зивер Каплан, како и гостинката Оливера Аџиќ и фотографот Рајко Р. Каришиќ, твореа инспирирани од гевгелиското поднебје.



Гевгелиската јавност веќе имаше можност да го проследи јубилејното творештво на колонијата, на завршната изложба на терасата на хотелот „Аполонија“ во Гевгелија. Сите 11 учесници ги изложија создадените дела за време на престојот, инспирирани од питомата и сончева Гевгелија. Со завршната изложба свечено беше затворена годинашната Меѓународна ликовна колонија „Аполонија“, која веќе две децении го привлекува вниманието на најистакнатите македонски ликовни творци, но и уметници од регионот.

**Музички хепенинг во Гевгелија**

# МАКЕДОНИЈА, ВО СРЦЕ ТЕ НОСИМЕ

Гевгелија на достоен начин го одбележа својот Патрон - Спасовден 2024, а круна на празничните настани во богатата културно-уметничката програма беше музичкиот хепенинг „Македонијо, во срце те носиме“. Пред гевгеличани се претставија познати, македонски, естрадни звезди настапија со патриотски песни во современи аранжмани. На Градскиот плоштад, пред бројната публика, продефилираа: Сузана Спасовска, Наум Петревски, Зуица Лазова, Миле Кузмановски, „ДНК“, Огнен Здравковски, Александар Тарабунов, Андријана Јаневска, Мина Блажев, Ева Скендеровски, Марија Спасовска и Ламбе Алабаковски.



Настапот на Сузана Спасовска со песната „Земјо моја“ беше кореографски збогатен со учеството на учениците од ООУ „Крсте Мисирков“ во Гевгелија, под менторство на Марија Граматикова. Гевгеличани со бурни аплаузи го наградија овој прекрасен концерт и не го криеја задоволството од ваквиот музички хепенинг. Музичкиот карван „Македонијо, во срце те носиме“ беше поддржан од Општина Гевгелија.

# ИЗЛОЖБА НА МИРЈАНА КРСТЕВА МАССЕТТИ ВО НИШ

По повод 8 Септември, Денот на македонската државност, во Ниш- Република Србија, беа свечено отворени единаесеттите „Денови на македонската култура“, со изложба на гевгелиската сликарка Мирјана Крстева- Массетти. На изложбата беа претставени дваесет нејзини цртежи, кои, како што рече, се вистинска поезија во боја. Притоа, изрази огромно задоволство поради поканата на Здружението на Македонци „Вардар“ од Ниш да ја отвори оваа културна манифестација. На нашите Македонци им порача дека со оваа изложба им носи само еден мал дел од прекрасната Македонија.



Отворајќи ја изложбата, Благе Петрушевски, претседател на Здружението на Македонците во Ниш, потенцираше дека со ваквите манифестации се збогатуваат културните настани во Ниш, но во исто време им се овозможува на културните работници од Македонија и од Србија меѓусебно да се запознаат. На манифестацијата со концерт настапија учениците на ОМУ „Лазо Мицев-Рале“ од Кавадарци. Одржана е книжевна вечер со поетот и актер Игор Трпчевски од Прилеп, како и неговата монодрама „Лидија“, а Деновите на македонската култура во Ниш беа затворени со ден посветен на македонскиот филм.

Јубилеј на Ансамблот „Бојмија"

# ДВЕ ДЕЦЕНИИ ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ ФОЛКЛОР

Со серија од три успешни концерти, Ансамблот „Бојмија" од Гевгелија го прослави својот 20-годишен јубилеј. Во преполната сала на Народниот театар во Гевгелија, со кореографии на традиционални ора и песни од етничките предели на Македонија, првиот состав на Ансамблот, како и поранешни членови-ветерани, им приредија прекрасен концерт на гевгеличани за чествување на јубилејот. Најголем впечаток остави изведбата на сценската адаптација „Пијанец", во чијашто музичка интерпретација учествуваше најмладиот тапанџија - осумгодишниот Виктор Марков. На третиот концерт, насловен како „Фолклорна приказна", настапи првата постава на Ансамблот и група составена од ветерани.

Ансамблот за традиционална музика и игра „Бојмија" од Гевгелија е формиран 2004 година. Во него членуваат 130 членови на возраст од 10 - 25 години, поделени во 3 секции, кои ги изучуваат традиционалните игри и песни од Јужновардарскиот Регион на Република Македонија - Бојмија, како и од другите краеви на државата. Ансамблот работи и со млади и талентирани музичари, кои ја изучуваат македонската традиционална музика. Веднаш по јубилејниот концерт, првиот состав на



Ансамблот „Бојмија" замина на 36. по ред „Златен Караѓоз" во Бурса - Турција, на кој Фестивал, настапија најдобрите ансамбли од 24 земји од целиот свет со вкупно 720 учесника. Исто така, летово членовите на Ансамблот „Бојмија" го презентираа македонскиот фолклор на Меѓународните фестивали во Бедарие - Република Франција и во Термоли- Република Италија.

БОШ 2024

# 16. ИЗДАНИЕ НА АЛТЕРНАТИВНАТА СЦЕНА

Во Гевгелија, по 16. пат се одржа алтернативниот Фестивал „БОШ 2024", кој овој пат го глофирицираше принципот „направи сам", како единица мерка за живот на алтернативната уметност. Фестивалот се држи до веќе познатиот концепт за застапеност на уметности од алтернативната независна сцена.

- Годинава, имавме мала, но квалитетна програма и предизвик беше да се направи скоро за без пари- вели Марија Стојанова, организатор на Фестивалот.

Во Домот на културата во Гевгелија, најпрво се претстави Анестис Мавроматис Парадис „Comic Glitch Project", самоук уметник, а дипломиран филозоф, роден во Солун, живее и работи во Мадрид. Анестис е влубеник во фантастичните светови и замислените суштества. Како што подвлече самиот уметник, особено е среќен што гостуваше во Гевгелија и имаше можност да покаже дел од својата работа презентирајќи илустрации, линорези и стрипови од 2017 до денес. Со самостојната изложба на колажи „Одвиткување" на БОШ 2024 се претстави и македонската уметница Илина Ѓорѓиевска, а пак Андреј Јулхер од Србија се претстави со своите графики.

Посебно внимание на Фестивалот предизвика изложбата „По текот на Сува Река" на уметниците Иван Ивановски и Дамјан Ѓуров, во Ликовната галерија Амам. Скулптурите на оваа изложба, како што велат авторите,



се остатоци од движењата предизвикани од текот на животот, кој ја резба земјата по патеките на нашите минувања, зацврстени во метал, измазнети во камен. Фестивалот заврши со диџеј сетови на Мартчин и Маги во Кафе бар „У", а забавата заврши со техно и хаус музика.

**Втор интерактивен карван „Комунити“**

# ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА МЛАДИНСКИ ИДЕИ



Во Гевгелија, на Градскиот плоштад, се одржа вториот интерактивен карван „Комунити“, на којшто граѓаните од општина Гевгелија имаа можност директно да се запознаат и да ја инсталираат електронската платформа за поврзување со заедницата. Покрај тоа, карванот беше збогатен и со блок - презентација на идеи од младите гевгеличани. Ученици од економската и машинската струка при СОУ „Јосиф Јоси-фовски“ ја презентираа својата иницијатива за Забавна соба/ Fun room, Новинарскиот клуб од СОУ „Јосиф Јосифовски“ - Студио за поткаст, членовите на „Гевгелија Точак Клуб“ - Мултифункционална, инклузивна, мобилна училинца, а Клубот на волонтери при ОО Црвен крст Гевгелија ги презентираше хуманитарни, едукативни и превентивни програми за хумана Гевгелија. Додека пак, ученици од ООУ „Владо Кантарџиев“ ја елаборираа својата иницијатива „Гевгелија STRIKE SPOT“ - Центар за социјални игри so Escape Room и куглана, како мултифункционално катче за млади, членовите на Регионалниот центар за одржлив развој своите активности и соработката со младите, а учениците од ООУ „Ристо Шуклев“ презентираа модна ревија со рачно изработена уникатна облека.



- Главната цел на овој „Комунити“ карван, во кој е вклучена и Општина Гевгелија, е да се промовира електронската платформа за поврзување на заедницата. Голем број граѓани имаа можност одблиску да се запознаат со начинот за користење на апликацијата и повеќето опции кои ги нуди за поврзување и проширување на соработката на граѓаните со локалната самоуправа. На овој карван, задоволство беше да се чуе гласот на младите гевгеличани, презентирајќи ги нивните идеи, кои можат да донесат позитивни промени, истакна Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, кој присуствуваше на настанот. Активностите се реализираат во рамки на Проектот на УСАИД „Здружи се заедницата“, спроведен од Асоцијацијата „Конект“, а во партнерство со Фондација „Аполонија“, ИНДИГО и ЕВН - Македонија.

# ПРЕЗЕНТИРАН ПРОЕКТОТ „YOUR JOB”

Младите од СОУ „Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија имаа можност преку инфо-сесија, врз основа на соработката на Локален младински совет на Општина Гевгелија и Македонски Каритас, да се запознат со Регионалниот проект “Your Job Macedonia” наменет за млади на возраст од 15 до 35 години што се спроведува во рамки на Регионалната програма во Европа - Програма за млади во Западен Балкан. Од страна на кариерните советници, Верица Ангеловска и Александар Младеновски, беа презентирани активностите, во коишто младите можат да се вклучат во Проектот.





И тоа, преку бесплатни обуки, кариерно советување и индивидуална поддршка, односно следење персонализирани обуки за професионални вештини, обуки за активно барање работа, прво работно искуство преку пракса и придружба во поставување сопствена бизнис-идеја и грант шема за поддршка на идеи со висок потенцијал. Инаку, проектот е финансиран од Реновабис и Каритас-Австрија, а мрежата на Каритас го реализира во 6 Општини во Југоисточниот Регион: Гевгелија, Струмица, Василево, Босилово, Ново Село и Богданци. За унапредување на соработката, наскоро се очекува да биде потпишан меморандум.

# ПРОГЛАСЕНИ ПРВЕНЦИТЕ НА ГЕНЕРАЦИЈАТА ВО ГЕВГЕЛИСКИТЕ УЧИЛИШТА



За Првенци на генерацијата во учебната 2021/2022 година, согласно постигнатите резултати и одлуките на Наставничките совети во петте основни училишта и СОУ „Јосиф Јосифовски" во Општина Гевгелија, се прогласени учениците: Теодора Сеизова од ООУ „Владо Кантарџие" во Гевгелија, Софија Иванова од ООУ „Крсте Мисирков" во Гевгелија, Димитар Боболков од ООУ „Ристо Шуклев" во Негорци, Леонид Цуклев од ООУ „Климент Охридски" во Миравци, Јована Дупарова во Основното музичко училиште „Васо Карајанов" во Гевгелија, како и Ирина Прошева во СОУ „Јосиф Јосифовски" во Гевгелија. При доделувањата на свидетелствата на сите првенци на генерацијата, свечено им беа врачени признанијата и симболичните подароци. Додека, како и секоја година, од страна на Градоначалникот на општина Гевгелија на Првенците на генерацијата им беа врачени парични награди.

Што е тајната на успехот за постигнатите резултати? На прашањето првенците, но и нивните наставници имаа свој одговор:

- За да бидеш добар во нешто, значи да сонуваш, да се бориш и да ја постигнеш својата цел, давајќи се од себе. Училиштето е првиот чекор во големиот живот за секој човек. Тука стекнуваме знаење, ја негуваме волјата и духот. Навистина сакам да учам, да откривам нешто ново и интересно во разни области на науката - вели Теодора Сеизова.

За Софија Иванова чест и задоволсво е да се биде Првенец на генерацијата.

- Учењето воопшто не ми претставуваше проблем, напротив, континуираното учење, желбите за новите знаења и учество на натпревари ми претставуваа задоволство - вели таа.

- Не беше многу тешко, но, сепак, требаше да се одвои доста време за учење. Кога ќе се посветиш на некоја своја идеја, бори се да ја реализираш, затоа што тоа е твојот сон- вели Димитар Боболков.

-Не дека е лесно да станеш Првенец на генерацијата, но, ако се пристапи кон учењето со посветеност и со силна желба за успех, резултатот е неизбежен. Секоја година бев дел од Државните натпревари по природните науки, а по предметите Математика, Физика и Биологија освојував награди, затоа и моето школување ќе го продолжам на Математичко-информатичката гимназија во Скопје - истакна Леонид Цуклев.

Јована Дупарова, во класата по пијано на наставникот Александар Лазаров, од најмала возраст покажува амбиции за доста сериозни програми, со кои настапуваше на годишните гала концерти на Училиштето, како и на класни јавни часови. Исто така, има освоено прва и трета награда на меѓународни натпревари, велат наставниците во ООМУ „Васо Карајанов".

Додека пак, Ирина Прошева, покрај одличниот успех, со своето знаење, посветеност и трудољубивост достојно го претставуваше СОУ „Јосиф Јосифовски" на натпреварите по општествените и природните науки, освојувајќи бројни награди и признанија

# БЛАГОДАРНОСТ ОД МАТУРАНТИТЕ

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, оствари средба со потпретседателот на Матурскиот одбор и директорот на СОУ „Јосиф Јосифовски"- Гевгелија, Александар Делиџаков. На средбата, во име на сите матуранти, на Градоначалникот му беше врачена плакета, со која матурантите изразија благодарност за излегување во пресрет на барањата за матурската прослава. Советот на Општина Гевгелија, по иницијатива на градоначалникот на општина Гевгелија, а на барање на матурантите, донесе Одлука од Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година да се издвојат финансиски средства за одржување на матурската прослава на сите матуранти од СОУ „Јосиф Јосифовски". Сарамандов изрази задоволство поради добрата соработка на локалната самоуправа со младите, како и надеж дека ваквата поддршка од страна на Општина Гевгелија ќе продолжи и во иднина.



Калинка 2024

# МУЗИЧКИ ПРАЗНИК ЗА НАЈМЛАДИТЕ



22. по ред Интернационален детски музички фестивал „Калинка 2024" претставуваше вистински празник за децата, но и за возрасните. Овој традиционален и од минатата година обновен детски музички фестивал придонесе за збогатување на културниот живот во општина Гевгелија. На сцената во Народниот театар во Гевгелија, на неколкуте концерти, беа изведени 24 песнички во интерпретација на најмладите пеачи. Нивната изведба беше поткрепена со хорско пеење, танцови перформанси и визуелни анимации, во кои сите уживаа. Посебен впечаток на Фестивалот остави универзалната песничка со порака за мир, со којашто започна „Калинка 2024".

Гала вечерта на Фестивалот ја отвори градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, кој го истакна своето задоволство што и годинава Гевгелија е центар на детската музика во Македонија. Сарамандов упати честитки и благодарност до организаторите, кои со голем ентузијазам дадоа свој придонес, по минатогодишното обновување на фесивалот, како и годинашното успешно одржување на „Калинка 2024".



Притоа, нагласи дека Општина Гевгелија продолжува да ја поддржува и негува оваа традиција на детски игри, радост, песни и насмевки. На „Калинка 2024" не изостана традиционалното градско дефиле на плоштадот во Гевгелија, каде што сите дечиња имаа можност да се дружат со калинките и да си поминат незаборавни мигови на забава, збогатена со присуството на жонглери и кловнови.

# ЕДУКАЦИЈА И ЕКОЛОШКИ ИНИЦИЈАТИВИ

Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, согласно својата порграма, продолжува да ги анимира младите и вклучува во заштитата на животната средина. На еднодневната работилница „Кожуфски дијалози: Младинска едукација и еколошки иницијативи", што ја проследија 17 млади од општина Гевгелија, членови на повеќе форми на младинско здружување, им беше претставена едукативната платформа за млади еко-активисти edu.bidizelen.org, на којашто можат да следат онлајн-курсеви на теми од областа на животната средина и климатски промени, како и да добијат правна помош за решавање проблем и да направат промени со вклучувањето во креирање локални политики за животна средина

Притоа, преку работа во групи и интеракција со обучувачите и службеникот за млади во Општина Гевгелија, разменуваа идеи и креираа еколошки иницијативи врз основа на актуелните еколошки предизвици. Младиот дипломиран машински инженер, Христијан Стојков од Гевгелија, ја презентираше својата Прелиминарна студија на изводливост на систем за споделување и



изнајмување велосипед во Гевгелија. Еднодневната работилница „Кожуфски дијалози: Младинска едукација и еколошки иницијативи" се реализираше во рамките на Проектот: „Младински активизам за позелени општини", финансиски поддржан од ЕУ, а го спроведуваат Македонско здружение на млади правници, Go Green – Биди Зелен, Центар за климатски промени и Младинска Асоцијација „Креактив" од Кавадарци.

# КОНЦЕРТ НА ШКОЛАТА ЗА ТАПАНИ

Школата за тапани при ЈОУ Дом на култура „Македонија" го одржа својот втор концерт. Под менторство на Момчило Делев, 12 ученика, кои го изучуваат ударниот инструмент тапан, пред гевгеличани ја претстави ја овогодишната работа на школата. Во програмата , членовите на оваа школа со многу знаење, забава и емоции изведоа повеќе домашни и странски рок и поп-песни. Притоа, приредија прекрасна музичка вечер, потврдувајќи ја успешноста на Школата за тапани и оправданоста од нејзиното формирање. Но, привлекоа и големо внимание и кај другите млади луѓе и ја поттикнаа нивната заинтересираност за посета на оваа школа.



Преку РИКО Програмата

# СОУ „ЈОСИФ ЈОСИФОВСКИ“ МЕЃУ 90 СУПЕРУЧИЛИШТА ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН

СОУ „Јосиф Јосифовски“ од Гевгелија се наоѓа меѓу 90 средни училишта од Западен Балкан, вклучени во Програмата за размена на RYCO – Superschools (РИКО – Суперучилишта) - објави Регионалната канцеларија за младинска соработка (RYCO – РИКО). Избраните училишта од регионот ќе спроведуваат регионални размени со повеќе од 1.300 ученици, додека РИКО ќе понуди различни можности за градење капацитети за 90 наставници.

- Од овие 90 училишта 16 доаѓаат од Албанија, 16 од Босна и Херцеговина, 5 од Црна Гора, 8 од Косово, 15 од Македонија и 30 од Србија. Во претходните два циклуса учествуваа ученици од 25 училишта во Македонија, стекнувајќи позитивни искуства и создавајќи нови пријателства- велат од РИКО.

Имплементацијата на проектите ќе се случи во периодот од ноември, 2024, до април, 2025 година. Секое партнерско училиште ќе организира една размена на посета на училиштата, кое ќе трае до 7 дена со група до 17 ученици и 2 наставници.



- Освен две размени, секое училиште ќе организира локална активност за споделување на искуствата и придобивките од ваквите проекти, важноста на неформалното образование, младинскиот активизам и регионалната соработка. Вкупно, 90 локални информативни активности, собирајќи повеќе од 1800 учесници, ќе се одржат низ целиот регион во наведениот период- посочуваат од РИКО.

Летна културна хроника

# УСПЕШЕН НАСТАП НА ДРАМСКАТА СЕКЦИЈА

Над 60 членови на Драмската секција за деца при ЈОУ Дом на култура „Македонија“ во Гевгелија, успешно ја презентираа својата активност и талент со премиерните изведби на театарските престави „Тоа е животот“ и „Каде ли е, кај се крие“, во режија на Катица Џишева Дупарова. Децата и младинците на различни возрасти на сцените во ЈОУ Пионерскиот дом и во Народниот театар во Гевгелија се претставија со колаж на драмски текстови на Горан Стефанов, Оливера Николова и Киро Донев за тоа што може да донесе животот, како и за сплотеноста за пронаоѓање на една бунда низ патување во повеќе сказни, по сценарио на Афродита Кирјаковска. Во двете поставки на Драмската секција за деца, покрај актерската и режисерската напорна работа, значаен придонес имаа и соработниците - сценографи Гордана Петрова и Перо Кованцалиев, костимографот Олгица Станојков,



Александар Јанев за реквизитите, Влатко Сапламаев за музичките обработки, како и техничката поддршка на Коста Ампов.

## МЛАДИТЕ ГИТАРИСТИ ВООДУШЕВИЈА

Учениците во Школата за гитара ја презентираа својата напорна работа и стекнато знаење на едновечерен концерт пред гевгелиската публика. Петнаесетмината млади гитаристи на гитари и бас-гитари, со позадинска поддршка на тапани, изведоа повеќе домашни и странски рок песни. Школата работи под менсторство на Костадин Динев- Зијан, и несомнено потврдува дека Гевгелија може да се гордее со млади музички таленти, кои веќе се подготвени успешно да настапуваат на јавни концерти и заслужно да го добијат аплаузот на своите сограѓани. Менторот Коце- Зијан го изрази своето задоволство што со поддршката од Општина Гевгелија ја има можноста да им го пренесе своето знаење на младите и што градот го има најголемиот оркестар на гитари.



РК „Алкалоид“ го освои Купот

# ГЕВГЕЛИЈА ДОБАР ДОМАЌИН НА РАКОМЕТНИОТ СУПЕР КУП



Општина Гевгелија беше успешен домаќин на Ракометниот Суперкуп на Македонија, во спортската сала „27 Април“ во во Гевгелија, каде што се одржа битката за трофеј помеѓу РК „Алкалоид“- Автокоманда и РК „Еурофарм Пелистер“. Двете екипи одиграа одличен меч што мина во максимално коректна атмосфера на кој што скопскиот тим на крајот заслужено триумфираше. Екипата на „Алкалоид“ ја славеше титулата, со победата од 33:30, а натпреварот мина во спортска атмосфера, како што доликува на Гевгелија и на гевгелиската публика.





Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, по натпреварот, го истакна своето задоволство што Гевгелија уште еднаш се покажа како добар домаќин на врвни спортски настани. Оттука и интересот на организаторите на домашните и меѓународните спортски настани за Гевгелија. Притоа, упати честитки до РК „Партизан“- Гевгелија за успешната организација на Ракометниот Суперкуп на Македонија. Исто така, изрази голема благодарност до Ракометната федерација на Македонија што ја додели организацијата за финалето да биде одиграно во Гевгелија.

**Благодарност**

Раководството на Ракометната Федерација на Македонија преку соопштение испрати јавна благодарност до Општина Гевгелија, Градоначалникот Сарамандов и РК Партизан за беспрекорната организација на мечот на ракометниот Супер Куп на Македонија што беше одигран во салата „26 Април“.

„Почитувани, Ракометната Федерација на Македонија упатува голема благодарност до Андон Сарамандов – Градоначалник на Општина Гевгелија и РК Партизан Гевгелија, за спроведувањето и учеството во организацијата на СУПЕР КУП натпреварот 2024 кој се одржа во спортската сала 26-ти Април.

Воедно изразуваме искрени честитки и пофалби во делот на организација за топлиот прием за играчите, тренерите, службениците лица и гледачите кои беа присутни во спортската сала 26-ти Април – Гевгелија .

Заедничкиот придонес на сите инволвирани чинители во ракометниот спорт, е заложба и приоритет за одржување на епитетот национален спорт број 1“, се вели во дописот од Ракометната Федерација на Македонија.





# МЕМОРИЈАЛНИ ТУРНИРИ ВО МАЛ ФУДБАЛ ВО МИРАВЦИ И БОГОРОДИЦА

Во Миравци, се одржа Меморијалниот турнир во мал фудбал „КМФ Млади“, на којшто се натпреваруваа повеќе екипи- јуниори и сениори, од повеќе населени места и општини. „Кафе бар Проект“- Јосифово го освои првото место на Меморијалот, зад нив се „Црна река“- Возарци, трето место се „Марјан Ринго“- Брајковци, а четврто Меморијална екипа „Шулц“- Росоман. Антонио Петровски од екипата на „Проект“ беше прогласен за најдобар голман, Тале Трајков од истоимената екипа за најдобар стрелец, а Андреј Јаневски од „Црна Река“ за најдобар играч. „Мики Џа“- Гевгелија е прогласена за почесна екипа, а за фер-плеј екипата на „Милан Транспорт“- Росоман. На најдобрите екипи и поединциим беа доделени парични награди, пехари и дипломи.



Во чест на Мирче Костов, во Богородица, се одржа традиционалниот тридневен Меморијален турнир во мал фудбал. Во спортскиот комплекс „Мирата“, се одиграа 42 утакмици, со учество на 27 екипи во 4 генерациски категории, од Гевгелија, Богданци, Фурка, Дојран, Валандово, Струмица, Неготино и Скопје. Во категоријата 2015, екипата на „Кожуф“- Гевгелија го освои 1. место, „Победа“- Валандово второто, а третото „Фортуна 2009“- Скопје. Победници во категоријата 2014 се екипата „Фортуна 2009“- Скопје, а второ и треторангирани се „Победа“- Валандово и „Џокер“- Фурка. Првото место во категоријата 2013 го понесе „Фортуна 2009“- Скопје, на второто се рангираа „Кожуф“- Гевгелија, а на третото ГФК „Неготино. Додека, во категоријата 2012, први се „Џокер“- Фурка, а втори и трети екипите на Young boys од Неготино и „Беласица“- Струмица. За најдобрите беа обезбедни пехари, дипломи и награди.



**Меморијален турнир „Никола Гелебешев“**

# ПРАЗНИК НА МАЛИОТ ФУДБАЛ

На 2. по ред Меморијалниот турнир во мал фудбал „Никола Гелебешев“, во организација на ЗГ Навивачка група „Фантоми Север“- Гевгелија, фудбалерите од регионот ги одмеруваа силите во мал фудбал, во чест на гевгелиската голманска и тренерска легенда, Никола Гелебешев. Две недели, трибините на мултифункционалното игралиште кај ДТВ „Партизан“ беа полни со публика, следејќи ги натпреварите помеѓу 27 пријавени екипи во шест категории на различни генерации од повеќе населени места и општини. Меморијалниот турнир започна со одигрувањето на ревијален натпревар, на кој учествуваа две екипи составени од поранешни играчи, кои биле тренирани од Никола Гелебешев.

На финалните натпревари во четирите категории победници во генерација 2017, беа „Авангард“, генерација 2015/16 – ФК „Кожув“- Гевгелија, генерација 2013/14 – „У10“, генерација 2011/12 – „КМХ Валандово“, генерација 2009/10 – „Скара бар Тире“ и генерација 2005/08 – „Автошкола Прима“. За најдобар голман на Турнирот беше прогласен Томе Стоилков од екипата на „Автошкола Прима“, за најдобар играч – Теодор Пешевски од екипата на „Скара бар Тире“, а Христијан Демиров за најдобар стрелец од екипата на „Автошкола Прима“. На завршницата, организаторите и градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов и синот на Никола Гелебешев, Коста Гелебешев, им ги доделија паричните награди и признанијата на најдобрите.



## Бронза за Флора Апостолова

Флора Апостолова од Гевгелија учествуваше и забележа одличен на Европското Шотокан првенство, кое се одржа во Тата, Унгарија. Оваа млада претставничка на Карате клубот „Гевгелија“ го освои третото место. Во силна конкуренција, Флора Апостолова, под водство на тренерот Живко Аврамов, одличниот резултат го постигна во категорија Кати девојчиња 10-11 години.



# МЕМОРИЈАЛЕН ТУРНИР „ИВАН ПЕНОВ“

Меморијалниот турнир во баскет 3х3 „Иван Пенов“, во чест на трагично загинатиот млад кошаркар на „КК„Кожуф“ и годинава се одржа на кошаркарското игралиште во Гевгелија. Голем број млади луѓе учествуваа и го следеа Турнирот, во организација на семејството и пријателите на Пенов. На Турнирот, учествуваа 20 екипи од општина Гевгелија, кои се напреваруваа во три категории - сениори, јуниори до 17 години и девојчиња.

По финалните напревари, беа прогласени и најдобрите екипи и кошаркари. Кај сениорите, победник стана екипата на „Дон Андон“, кај јуниорите – Cabrela caffe, а помеѓу женските екипи Check Mates. Илија Колев беше прогласен за најдобар играч, Јордан Кузманов за најдобар во забивање, а Живко Старделов за најдобар шутер за тројки. За најмлад МВП на турнирот е прогласен



Лука Чучанов. На завршниот ден од Турнирот, свечено им беа доделени парични награди и признанија на пласираните екипи.

### Трет меморијален турнир во шах „Венци Попов“

# РЕВИЈА НА ШАХОТ

Во салата на СОУ „Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија се одржа 3. Меморијален турнир во забрзан шах „Венци Попов“. Една недела Гевгелија беше вистински центар на шаховската игра во Македонија, а на Турнирот, во организација на фамилијата Попови и Шаховскиот клуб „7 Ноември“, учествуваа 89 шахисти од Македонија, Србија и Грција. Се играше во 9 кола по швајцарски систем, според ФИДЕ правилата за забрзан шах. Интернационалниот мајстор Тони Лазов беше прогласен за победник на Третиот меморијален турнир „Венци Попов“, а второто место му припадна на Никола Радовановиќ, додека третопласиран беше Филип Панчевски. На Турнирот беа доделени и специјални признанија за најдобро пласиран младинец до 18 г. - Маринидис Ставрос, за најдобра шахистка Зорица Ташева и за најдобро рангиран играч од Гевгелија, Борче Танчев.

Венци Попов е роден во Гевгелија, во 1962 година, а со шахот се запознава уште на петгодишна возраст. Во 1977 станува младински



првак на Гевгелија, додека во 1978, 1979 и 1980 година, трипати едно по друго, станува младински првак на Македонија. Својот најголем успех Венци Попов го постигнува на меѓународен турнир во Бела Црква, во конкуренција на петстотини играчи од целиот свет, кога победува голем број југословенски и светски велемајстори, меѓу кои и светската првенка Нона Гаприндашвили и велемајсторот Слободан Мартиновиќ. Во 1999 година за успешно презентирање на гевгелискиот и Македонскиот шах, Венци Попов ја добива Седмоноемвриската награда на Општина Гевгелија, во вид на сребрена плакета.




Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, оствари средба со претставниците на ШК „7 Ноември“ во Гевгелија, по серијата постигнати резултати на гевгелиските шахисти. Петте младинци - Илија Велков, Ефе Ибраимов, Кристијан Кавазов, Филип Видичек и Јосиф Зоев го освоија третото место на екипното младинско првенство во Скопје. Ефе Ибраимов е младински државен првак, во категоријата до 16 години, а на екипното сениорско првенство во Струга тимот на ШК „7 Ноември“ го освои 6. место. Градоначалникот Сарамандов им го честиташе успехот, изразувајќи го своето задоволство од зголемениот бројна млади шахисти, кои постинуваат одлични резултати.

# Валентина Узунова трета

Валентина Узунова, од ЗПСК „Кожуф“, една од нашите најдобри треил натпреварувачки, учествуваше на „CHUPINO TRAIL 2024“ кај Виница. Таа во трката на 60 километри и висинска разлика од 2.800 метри, во женска конкуренција, го освои третото место. На ова петто издание на трката учествуваа 140 натпреварувачи од: Македонија, Јапонија, Полска и Бугарија, во машка и женска конкуренција. Chupino Trail е меѓународен спортски настан во планинско трчање низ планината Плачковица, со старт и цел во градскиот парк во Виница.



## Летни акции



Во летниот период проследен со високи температури, тим на ОО Црвен крст- Гевгелија, со поддршка од екипа од ЈЗУ Општа болница со проширена дејност во Гевгелија и директорот, д-р Патрик Матх, на градскиот пазар во Гевгелија на граѓаните им дистрибуираа вода и информативни флаери. Исто така, на граѓаните превентивно им беше измерен крвниот притисок и нивото на шеќер во крвта. Бидејќи како што беше нагласено - важно е граѓаните навремено да бидат информирани за начините за заштита од топлото време и грижата за сопственото здравје

## Летно шоу на „Мистик“



Танцовото студио „Мистик“- Гевгелија приреди вистински спектакл со двата концерта под едно име „Летно шоу“. Над 100 члена, деца и млади, со хип-хоп кореографиите, подготвени од Александар Аврамов, предизвикаа воодушевување кај публиката. во Народниот театар. Присутните на вториот концерт од летното шоу имаа можност да уживаат во двата настапа на Марија Ичкова, која како специјален гостин придонесе со нејзиниот волшебен глас танцовите перформанси да бидат потполни.

## Бесплатни часови по пливање



Летово, успешно беше спроведен едномесечниот Проект:„Научи да пливаш за правилен и подобар психо-физички развој на најмладите“, поддржан од Општина Гевгелија. Над 120 деца од 7 до 12 години покажаа одличен напредок, а дел од нив успешно ја совладаа основната техника на пливање. Проектот го водеа Стојан Дојчинов и Звонко Бучков, а се реализираше во базенот „Коконут“. Ваквата активност, иницирана од Училишниот спортски клуб во СОУ „Јосиф Јосифовски“ им помогна на децата да ги подобрат своите пливачки вештини, да развијат самодоверба и дисциплина.

## Турнир за трето доба



Клубот на пензионери во Гевгелија беше претесен да ги прими 80-тина пензионери, но и нивните потомци, внуци, синови и ќерки на дводневниот турнир во друштвени игри шах, домино и табла. Турнирот во друштвени игри, којшто за првпат се одржа во Гевгелија, беше во организација на Фондацијата „Аполонија“ и Здружението на пензионери од Гевгелија. На крајот од овој дводневен турнир, во рамки на Проектот: „Доживување на втора младост во трето доба“, беа доделени благодарници на сите учесници и помагатели во успешната реализација на проектот.

## Летен саем на книгата



На платото, пред Библиотеката „Гоце Делчев“ во Гевгелија, беше одржан Летниот саем на книга. Овде, под јаворот, беа изложени најновите изданија на петте македонски издавачки куќи: „Гаврош“, „Чудна шума“, „Сказнувалка“, „Полица“ и „Божилак“. Во организација на Библиотеката „Гоце Делчев“, на овој саем, сите вљубеници на убавиот пишан збор, можеа да си купат нова книга за пониски, саемски цени. Ваквата погодност ја искористија повеќе посетители пополнувајќи ја својата домашна библиотека со новите изданија од белетристика, детска литература, трилери.

## Европското патувачко кино во Гевгелија



Летово гевгеличани можеа да ги проследат филмовите под отворено небо од Европското патувачко кино - краткиот филм „Кутии“ во режија на Ангела Димеска, музичкиот документарен филм „Ефтеркланд: Македониум бенд“, филмот „Паднати Лисја“ во режија на Аки Каурисмаки и филмот „Имиња“ во режија на Јане Спасиќ. Европското патувачко кино во Гевгелија беше збогатено и со Концерт на бендот „Дактили“ од Струмица, како и разговор со Златко Ѓелески, филмски критичар и Ана Алексовска, продуцентка и режисерка.

## Мултимедијален фестивал „АРТ УМ“



За првпат во Гевгелија, се одржа Мултимедијалниот фестивал „АРТ УМ“, во организација на Здружението на граѓани „АРТ-УМ 023“- Гевгелија, кој стартуваше со мултимедијална изложба на четири гевгелиски уметници: Перо Кованцалиев, Ице Капсаров, Александар Јанев и Мирјана Крстева Массетти, претставувајќи се со своите дела, инсталации и перформанси. Исто така, се одржаа и кратки работилници за генеративната уметност од архитектот Натали Василева и мастер-клас на тема: „Кратка историја и вовед во електронската музика и основни на аналогна синтеца“ од продуцентот и ди-џеј Александар Гроздановски (Herzel).

## Од пастел, облекло



На сцената на Народниот театар во Гевгелија, гевгеличани можеа да ги видат убавините на македонскиот фолклор презентирани под мотото „секоја девојка пред својата рамка“. Облечени во автентична носија од етничките предели во Македонија и со реквизити од традиционалниот живот на Македонците, учесничките во етноперформансот „Од пастел, облекло“ ги однесоа присутните на невообичаено патување низ минатото на современ начин. Станува збор за поставка на живи, подвижни скулптури, проект на Етнокореолошкиот оддел при ЈОУ Дом на култура „Македонија“.

















ГЕВГЕЛИСКИ МАГАЗИН
Издавач Општина Гевгелија,
ул. „Димитар Влахов“ 4 Гевгелија
Тел/факс: 034/211211 | www.gevgelija.gov.mk | gevgelijainfo@gevgelija.gov.mk